**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Дополнителни услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај кои при рекреација користат изнајмени рекреативни средства

УС-нту-РЕС
12-1-мк

## член 1: општи одредби

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови се составен дел од договорот за осигурување од последици на несреќен случај на лица кои при рекреација користат изнајмени рекреативни средства.

[2] Договарач на осигурувањето, според овие Дополнителни услови може да биде секое правно или физичко лице кое има интерес да ги осигура лицата при рекреативни активности.

## член 2: осигурени лица

[1] Лицата наведени во член 1, став (1) од овие Дополнителни услови се осигуруваат без оглед на нивната здравствена состојба, општа работоспособност и старост, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 8 став (1) точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4 став (3) од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.

[2] Во осигурувањето не се вклучени договарачот на осигурувањето, односно неговите вработени кои управуваат со средствата со кои осигурените лица ги изведуваат рекреативните активности.

## член 3: осигурени опасности

[1] Осигурувачот гарантира за несреќните случаи кои им се случуваат на лицата кои користат изнајмени средства при рекреативни активности.

## член 4: траење на осигурувањето и покритието

[1] Осигурителното покритие за секое лице започнува од моментот на користење на изнајменото средство за рекреативна активност и трае до моментот кога ќе престане употребата на наведеното средство.

## член 5: плаќање на премија

[1] Премијата се плаќа годишно однапред (ако не е поинаку договорено) за секое средство кое договарачот на осигурувањето го издава за рекреативна намена.

[2] Обврската на осигурувачот за поединечно осигурување постои и во случај кога договарачот не ја платил премијата во рокот наведен во полисата, ако незгодата настанала за времетраење на осигурувањето според одредбите од членовите 6 и 15 од Општите услови.

## член 6: ограничување на опсегот на обврските на осигурувачот

[1] Ако осигуреникот во моментот на настанување на несреќниот случај е постар од 75 години, осигурувачот исплаќа 50% од износот што инаку би морал да го плати.

## член 7: должности на договарачот на осигурувањето по осигурен случај

[1] Договарачот на осигурувањето е должен да потврди дека несреќниот случај настанал при користење на изнајмено рекреативно средство за кое важи осигурителното покритие според овие Дополнителни услови.

[2] Договарачот е должен да му ја даде на осигурувачот на увид целата со закон пропишана документација од која може да се види опсегот на неговото работење во врска со изнајмувањето на рекреативни средства.

## член 8: завршни одредби

[1] Овие Дополнителни услови важат заедно со Општите услови за осигурување на лица од незгода. Ако нивната содржина се разликува од Општите услови, тогаш важат овие Дополнителни услови.